# ТРОЈАНСКА ВОЈНА
# (драматизација)




*Автор на драмскиот текст прилагоден според јазикот и стилот:*

Снежана Конеска, дипл. историчар по уметност со археологија

*Техничка обработка на текстот и графички дизајн:*

Ненад Начковски, дипл. класичен филолог



2023 година



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

## ДРАМСКИ ЛИЦА:

## Дејството од драмата се одвива пред ѕидините на Троја.

**Елена** (*тројанска принцеза, сопруга на принцот Парис, бегалка од дворецот на Менелај, негова поранешна сопруга и поранешна кралица на ахајското кралство Спарта*)

**Парис** (*тројански принц, брат на Хектор, син на кралот Пријам и Хекаба*)

**Хера** (*врховна божица од Олимп, сопруга на врховниот бог Ѕевс*)

**Афродита** (*божица на убавината и љубовната страст, ќерка на богот Ѕевс и на божицата Диона*)

**Артемида** (*божица на ловот и плодноста, заштитничка на родилките и новороденчињата*)

**Тетида** (*морска нимфа, мајка на херојот Ахил*)

**Хектор** (*тројански принц, брат на Парис, син на кралот Пријам и Хекаба*)

**Андромаха** (*тројанска принцеза, сопруга на Хектор*)

**Менелај** (*поранешен сопруг на Елена, спартански крал и водач, брат на Агамемнон*)

**Атена** (*божица на мудроста и на војната, ќерка на богот Ѕевс и на олицетворената божица Метида*)

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

**На сцената се Парис и Елена. Елена плаче, а Парис ја теши.**




Елена: Јас сум виновна за сè.

Парис: Не зборувај така. Ништо лошо ти не направи.

Елена: Како не направив? Да не бев јас, никогаш немаше да започне проклетава војна.

Парис: Војнава не започна поради тебе.



Елена: А поради кого?

Парис: Таа започна поради инаетот на Менелај.

Елена: Можеби најдобро ќе беше да останев со него.

Парис: А јас?

Елена: Ти добро знаеш дека јас тебе те сакам, но целото ова крвопролевање е преголем товар за мене.

Парис: Убава моја Елено, не плачи и не нагрдувај го твоето убаво лице.

Елена: Како да не плачам кога гледам толку мртви луѓе околу мене?

Парис: Не плаши се. Јас сум тука до тебе.

Елена: Но, се плашам дека и тебе нешто лошо ќе ти се случи.

Парис: Толку јунаци сум победил, за еден Менелај ли? Тој е гола вода за мене.

Елена: Знам дека ти си храбар јунак и дека ќе го победиш Менелаја, а сега оди и жив да ми се вратиш.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски




**На сцената се божиците Хера, Атена, Артемида, Афродита и Тетида.**

Афродита: Добро мајко, зошто ги поддржуваш Ахајците кога гледаш дека голема љубов постои помеѓу Парис и Елена?

Хера: Ај не дрдори, да не беше ти ништо од ова не ќе се случеше.

Тетида: Не е така како што велиш, Херо, за што е виновна Афродита?

Атена: За што е виновна? За војнава! Ти, пак, за што била виновна прашуваш?



Хера: Афродита да не го беше навела Ероса да ги погоди со љубовната стрела Парис и Елена, сега ништо од ова не ќе се случеше.

Афродита: Но, Елена и без тоа не беше вљубена во Менелај, кралот на Спарта.

Атена: А, ти се најде како спасител и мораше да ја натераш токму во Парис да се вљуби?

Тетида: Ти Атено ништо не разбираш. Тоа беше подарок за Парис во знак на благодарност.

Атена: Знам дека Парис на Афродита ѝ го даде златното јаболко, а таа за возврат љубовта на Елена му ја даде.

Артемида: Како и да е, не туку се расправајте, дајте да направиме нешто и да ѝ ставиме крај на проклетава војна.

Хера: Решение за тоа Афродита нека најде. И вака и онака, таа е виновна.

Атена: Што сте се запнале да заврши војнава? Мене сосема ми одговара.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

Артемида: Ти одговара ли? Ах, каква сеирџика си ти? Едвај чекаш да започне војна и да ги подбуцнуваш и обете страни.
Тетида: Навистина, Атено, знам дека си божица на војната, меѓутоа, те молам, барем овој пат попушти малце. Не гледаш ли колку жртви беспотребно отидоа?
Хера: Море каде е Зевс – тој е виновен за сè! А ти Афродито, да знаеш дека не те заборавам! Има да ги поддржам Ахајците, па да видиме кои се посилни тогаш.



Афродита: Но, ние никого не поддржуваме.
Атена: Ах, не вели така, демек не сте поддржувале. Добро знаеме дека сте на страната на Тројанците, но, и јас ќе застанам на страната на Ахајците па да видиме кој ќе победи, хм?
Артемида: Божици, дајте да не се делиме, да застанеме на страната на мирот!
Атена: Море каков мир! Јас ваков сеир одамна немам гледано.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND




**На сцената се наоѓаат Парис и Хектор.**

Хектор: Парис, знаеш дека Менелај доаѓа да те предизвика на двобој?

Парис: Знам.

Хектор: За да ја одбраниш честа на Троја, ќе излезеш на двобој и ќе му покажеш што значи да си тројанец.

Парис: Ама јас...



Хектор: Нема *ама*. Како тројанец, ако треба и животот ќе го дадеш за Троја.

Парис: Бате, мене ми е страв.

Хектор: Што велиш? Не те чув?

Елена: Колку само рани по телото има, зарем не гледаш?

Хектор: (*ја слуша Елена, а потоа се врти кон Парис*) За какви рани зборува оваа?

Парис: Се изгребав од дрвјата додека бегав од овците, а таа мисли дека ми се од битки.

Елена: За што зборувате вие двајцата?

Парис: Па нели за двобојот разговаравме.

Елена: Аха, да. Туку, ај јас да одам до храмот на Афродита да се помолам за тебе.

**Елена излегува од сцената.**

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

Хектор: Ех, каков човек си ти. Сопствената жена ја лажеш.
Парис: Брате Хекторе, не замерувај ми. Разбери ме. Од толку што ја сакам, не би сакал да мисли дека сум кукавица.
Хектор: Е па тогаш гледај да не бидеш кукавица и излези на двобој.
**Влегува Афродита.**



Афродита: Цело време ви го слушам разговорот и не можам, а да не се вмешам.
Парис: Афродито, ти ме натера да ја грабнам Елена од Менелај и поради тоа започна војнава. Сега барај спас и спаси ме.
Афродита: Тоа и јас размислувам.
Хектор: Немој да си го спасила! Барем еднаш нека излезе и нека се престраши.
Афродита: Слушајваму...Хера и Атена се многу лути и ќе му помогнат на Менелај да победи.
Парис: Леле, готов сум!
Афродита: Сепак, смислив нешто.
Парис: Ајде брзо, кажувај божице!
Афродита: Менелај не знае како изгледа Хектор, ниту пак знае како изгледаш ти.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

Хектор: Не, немој да речеш дека е тоа што го мислам.
Афродита: Токму тоа. Наместо Парис, ти ќе излезеш на двобој и ќе го победиш Менелај.
Парис: Ти благодарам милостива божице Афродито!
**Афродита заминува.**

Хектор: Добро бе, барем еднаш да беше маж и да се престрашеше!
Парис: Немој бате, не вели така.
Хектор: Но, како поинаку? Јас сум виновниот. Секогаш ти го чувам грбот да не настрадаш.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND




**На сцената се наоѓаат Андромаха, Тетида и Артемида.**

Андромаха: И така велите божици, Хектор ќе оди да се бори на местото на Парис?

Артемида: Верувај дека ние направивме сѐ за да ја спречиме војнава, меѓутоа, Хера и Атена не попуштаат.

Тетида: А и двете се многу лути.

Андромаха: Но само едно не ми е јасно, зошто Хектор да се бори?

Артемида: Знаеш ти каков е Парис.



Тетида: Отсекогаш бил мекушаво момче.

Андромаха: Да. Не е како мојот Хектор, храбар јунак, истакнат војсководец.

Артемида: И немој да заборавиш, верен сопруг.

Андромаха: Токму и за тоа се нервирам. А што ако го загубам?

Артемида: За тоа ти не грижи се.

Тетида: Ние ќе се погрижиме тој да победи.

Артемида: Во тоа те уверуваме.

Андромаха: Ви благодарам божици! А сега да одам кај Хектор да го видам пред да оди во борба.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND




**На сцената се Андромаха и Хектор.**

Андромаха: Слушнав за двобојот.
Хектор: Да, Парис ќе оди да се бори со Менелај.
Андромаха: Ајде, не ме лажи сега. Знам дека ти ќе одиш на негово место.
Хектор: Значи ништо не може да се сокрие во Троја.
Андромаха: Ако не дознаев, немаше да ми кажеш?
Хектор: Ќе ти кажев, но, кога ќе завршеше.
Андромаха: Ако преживееше. Ако не, тогаш кога ќе ти го видев мртвото тело ќе дознаев, така ли?
Хектор: Ајде сега, без драми! Ете затоа не ти кажав. За да не се грижиш и да не почнеш да цимолиш.
Андромаха: Те молам биди внимателен, ми ветуваш ли?
Хектор: Ќе бидам внимателен, а ти вети ми дека нема да се грижиш и дека никому нема да му раскажеш за ова.
Андромаха: Чесен збор, ти ветувам.
Хектор: Дозволи ми сега да те прегрнам тебе и нашиот син, малиот Астијанакт.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

## ШЕСТА СЦЕНА

**На сцената се Хера, Атена и Андромаха.**

Андромаха: Божици, ова што го правам не е во ред, но не би издржала доколку би го изгубила својот љубен.

Хера: Што си се загрижила ти толку. Нема Хектор да оди во битка.

Атена: Да, Парис ќе оди.

Андромаха: Токму затоа и дојдов.



Хера: Што, ти Париса да не го љубиш?

Атена: Ајдеее...ова би можело да биде повод за уште една војна.

Андромаха: Не, нема врска. Вие не знаете.

Хера: Што не знаеме?

Андромаха: Наместо Парис, Хектор ќе оди да се бори.

Атена: Што? А јас се имав обложено дека Менелај ќе победи. Видиш, ова ги менува работите.

Хера: Како тоа?

Андромаха: Е па, за да не биде поразен Парис, Хектор ќе се бори наместо него.

Атена: Добро де, Менелај не знае како изгледаат двајцата.

Хера: За тоа време да му кажеме на Менелај.

Андромаха: Да, тоа и барам да го направите. Не може вечно Хектор да му го чува грбот на брат му, а јас и мојот син да страдаме.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND




**На сцената се Менелај и Хектор.**

Хектор: Ајде Менелај, ајде да видиме кој ќе биде победник и веќе еднаш засекогаш да ставиме крај на проклетава војна!

Менелај: Потполно се согласувам со тебе. Да видиме кој ќе победи. Ајде, викни го Парис.

Хектор: Но, јас сум Парис.

Менелај: Многу добро знам кој си ти. Ти си Хектор. Викни го Париса ако не сакаш јас да одам и да го донесам мртов.



Хектор: Но, што зборуваш ти? Јас сум Парис.

Менелај: (*се врти кон публиката*) Излези ваму кукавицо ниедна!

**Парис влегува на сцената.**

Парис: Еве ме, Менелају!

Хектор: Но, што правиш ти?

Менелај: Излезе, а? Добро бе, Елено, за ваков ли кукавица ме напушти?

**Елена влегува на сцената.**

Елена: Ајде Парисе, покажи му дека не си кукавица.

Менелај: Не засмејувај ме! Тој кутриот ни оружјето не знае да го држи.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

Елена: Ајде Парисе, покажи му ги раните од битките кои си ги водел.

Менелај: Овој овде битки извојувал? Да видам, нема да верувам.

Парис: (*се приближува кон Елена*) Но, јас...

Елена: Покажи му да види дека не си кукавица.

Парис: Но, овие лузни не ми се од битки.

Елена: Не ти се од битки? А од што ти се?

Менелај: Сигурно гранките од дрвјата го изгребале додека бегал од животни.

Парис: Од каде знаеш ти?

Елена: Што? Зарем вистина е?

Парис: Да, вистина е.

Елена: Па што не ми кажа?

Парис- Не сакав да мислиш дека сум кукавица и страшливец.



Елена: Но, љубов моја, јас и таков ќе те сакам.

Парис: Навистина ли?

Елена: Навистина.

Менелај: Еј чекајте, а двобојот?

Парис: (*на Елена*) Море каков двобој, дај да бегаме!

Елена: Добро велиш. Да бегаме.

**Со трчање излегуваат од сцената.**

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND




**На сцената се Менелај, Хектор и Андромаха.**

Менелај: Ваков страшливец сѐ уште не сум сретнал.
Хектор: Мојот брат не е страшливец.
Менелај: Тој избега од двобој, а ти велиш дека не е страшливец.
Хектор: Брат ми нема искуство во борење.
Менелај: Слушај ваму, мене не ми е гајле за Елена што таа се вљубила во онаков страшливец.
Хектор: Внимавај што зборуваш!
Менелај: Јас сум овде да ја одбранам честа на Ахајците. Дали брат ти или ти, не игра никаква улога. Некој мора да плати за погазениот образ.
Хектор: И јас сакам да ја одбранам честа на Тројанците. Подготвен сум.

**Влегува Андромаха со трчање.**

Андромаха: Но, Хектор, што правиш?
Хектор: Остави ме жено! Некој мора да ја брани нашата чест.
Андромаха: Ма каква чест? А, ако те изгубам? Зарем нашиот син сакаш без татко да расте?

**Влегуваат Атена и Хера.**

Атена: Попусто му кажавме на Менелај за измамата кога тој пак ќе се бори со Хектор.
Хера: Се плашам дека Хектор ќе победи.

**Влегуваат Афродита, Артемида и Тетида.**

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

Андромаха: (*им се обраќа на Афродита, Артемида и Тетида*) Божици, ве молам помогнете нека победи Хектор!

Афродита: Ти ја изигра нашата доверба.

Артемида: Ти отиде кај Хера и Атена и нè предаде.

Тетида: Сега веќе е доцна, ништо не можеме да направиме за да го спасиме Хектора.

Андромаха: Леле, што направив?

**Почнува борба помеѓу Менелај и Хектор. Менелај го совладува Хектор и тој умира.**



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND